РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 10-5495/1
11-08-2023 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за труд и социјална политика** | **Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

Врз основа на член 157 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) Комисијата за обезбедување на средства за социјални услуги од општините и другите даватели, формирана од министерот за труд и социјална политика, објавува

**ЈАВЕН КОНКУРС**

За доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги

1. **Вид на услуги:**

Со овој Јавен конкурс се обезбедуваат средства за здруженија на граѓани и приватни даватели на социјални услуги за обезбедување на следниве услуги:

Услуги за дневен престој
- Центар за дневен престој за деца во ризик – обезбедува дневно згрижување, исхрана одржување лична хигиена, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, воспитни, социјални, културни и рекреативни активности, превентивни активности, советување, едукација, образовна поддршка, социјална поддршка на лицата и нивните семејства.

2. **Висина на средствата по корисник кои се доделуваат и временскиот период во кој ќе се извршуваат работите**

Министерството за труд и социјална политика, ќе обезбеди финансиска поддршка за спроведување на социјалните услуги согласно утврдениот капацитет на лиценцираните даватели на услугите, согласно цената на услугите по корисник утврдена со Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2023 година, донесена од министерот за труд и социјална политика бр. 10-8807/1 од 15.12.2022 година, изготвена согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.264/19), на месечна основа, во период од денот на склучување на управниот договор до 31.12.2023 година:

**За услугата за дневен престој за деца во ризик**
- Цената на социјалната услуга изнесува 17.207денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за деца во ризик по корисник, односно 782 денари дневно по корисник

3. **Потребни документи**

Подносителот ги доставува следниве документи:
1. пријава;
2. годишен извештај за работа на здружението за претходната година, односно за 2022 година,
3. уверение за платени даноци издадено од даночните органи не постаро од шест месеци,
4. изјава заверена на нотар дека нема добиено средства од друг државен орган или единица на локалната самоуправа за истата услуга, и
5. решение за давање на дозвола за вршење работа во социјалната заштита.

Документите од точките 3 и 5 се приложуваат во оригинал или во копија заверена на нотар.

4. **Во пријавата на здружението односно друг приватен давател на социјална услуга кој има дозвола за вршење работи од социјална заштита, се наведуваат податоци за:**

1) полн назив и адреса на субјектите со јасно дефинирани активности во текот на реализацијата на програмата за давање на социјалната услуга за која се бара доделување на средства,

2) детален опис на активностите со конкретен работен план за имплементација и период на реализација на програмата за давање на социјалната услуга, со кои ќе се обезбеди реализација на предвидените цели, активности и услуги дефинирани во јавниот конкурс со предвидени средства,

3) стручниот и друг кадар и биографија за секое лице кое ќе биде ангажирано за давање на социјалната услуга,

4) контакт со одговорното лице/координатор за реализација на програмата за давање на социјалната услуга (име, презиме, е-маил адреса и телефонски број), и

5) работното искуство во областа на социјалната заштита, согласно барањата и потребите од јавниот конкурс, остварено партнерство, меѓусекторска соработка и обезбедено кофинансирање (доколку има), и

6) воспоставен механизам за контрола на квалитетот на услугата и систем на поплака од клиентите.

5. **Рокови за спроведување на постапката**

Конкурсот трае **три дена** од денот на објавувањето во дневниот весник.

Заинтересираните здруженија на граѓани и приватни даватели на социјални услуги можат пријавите да ги доставaт најдоцна до 16 часот на денот на истекот на рокот на конкурсот, односно најдоцна до 9 часот наредниот ден доколку последниот ден од конкурсот паѓа во неработен ден, преку архивата на Министерството за труд и социјална политика на адреса ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје, во затворен плик, со назнака за Јавниот конкурс за обезбедување на средства за социјални услуги.

**Пријавите кои ќе се поднесат по овој рок и со непотполна документација нема да се разгледуваат.**

Комисијата за обезбедување средства во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите изготвува мислење до министерот за труд и оцијална политика.

Министерот за труд и социјална политика по добивање мислењето од страна на Комисијата за обезбедување средства, донесува решение за доделување на средствата.

Министерот за труд и социјална политика ќе склучи Управен договор со кој се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности во реализацијата на дадените средства, во рок од 15 дена од денот на конечноста на решението за доделување на средства

**Здруженијата или приватните даватели на социјалните услуги кои ќе добијат средства од страна на Министерството за труд и социјална политика, имаат обврска на сите материјали (печатени и електронски) кои ќе бидат продуцирани во рамки на испорака на услугата на видно место да стои:**

**Поддржано од:**

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА